242



РАМКА ЗА

# ДОБРО УПРАВУВАЊЕ ВО ЈАВНИОТ ФАРМАЦЕВТСКИ СЕКТОР

ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Изработил:

М-р д-р Арта Кули
*Офицер за јавно здравство, Светска здравствена организација - СЗО*

Проф. д-р Рената Славеска Раички
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје Фармацевтски факултет*
*Национален координатор*

Василка Нича, фарм. спец.
*ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар-Скопје*

Минов Михаил, фарм. спец.
*Стручен соработник*
*Сектор маркетинг и промоција*
*ЕУРО-ФАРМ дооел*

Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј"*
*Фармацевтски факултет, Скопје*

Мерјем Хаџихамза, фарм. спец.
*Раководител на одделение за фармакоинформатика*
*Министерство за здравство на Република Македонија*

Прим. Проф. д-р Елизабета Зисовска
*Повремен консултант на СЗО во Експертскиот комитет за селекција и употреба на лекови*
*Клиника за гинекологија и акушерство, Скопје*

М-р д-р Марија Гулија,
*Советник,*
*Сектор за развој и односи со јавност, АД „Д-р Пановски"*

Елеонора Пандова, мр. фарм.
*Раководител на одделение за промет со лекови -Министерство за здравство*

Прим. М-р Илчо Захариев,
*Стручно - техничка поддршка*
*Биро за Лекови*

М-р д-р Марија Кишман,
*Стручно - техничка поддршка*
*Светска здравствена организација*

## Предговор

Кон крајот на 2007 година, Министерството за здравство на Република Македонија со поддршка од Светската здравствена организација (СЗО), ја започна иницијативата за спроведување на програмата „Добро управување со лековите". Оваа програма одобрена од СЗО уште во 2004 година, претставува прва глобална иницијатива за промовирање на транспарентно и отчетно работење во фармацевтскиот сектор што вклучува и процеси за унапредување на институционалниот интегритет и етичкото лидерство во управувањето со секторот. Националниот тим на оценувачи анализирајќи го фармацевтскиот сектор наведе области за унапредување на транспарентноста во секторот вклучително и функциите каде системот е најранлив во однос на неетички практики. Овие области беа сериозно разгледани од Министерството за здравство и следствено на тоа се наметна опсежна дебата во стручната јавност. Дебатата ги прошири границите и надвор од здравствениот сектор инволвирајќи други владини ресори, организации од граѓанското општество и сите оние кои се заинтересирани и посветени за борбата против корупцијата со основна цел да се обезбеди современ здравствен систем за граѓаните на Република Македонија.

По спроведената проценка се надоврзаа неколку важни моменти кои произлегоа како резултат од ситуационата анализа поткрепена и со пошироката дебата од стручната јавност. За таа цел беа имплементирани изјавите за управување со судир на интереси. Членовите на неколку важни комисии во фармацевтскиот сектор сега имаат обврска да достават изјава за (не)постоење на судир на интереси. Изготвени се и стандардни оперативни постапки (СОП) за неколку функции како гаранција за поголема транспарентност во процесите на одлучување.

Со одлука на Министерот беше формирана работна група за програмата „Добро управување со лековите" во која членуваат здравствени професионалци од фармацевтскиот сектор вклучително и претставници од академската средина. Главна задача на оваа комисија е да управува со процесот на консултации на национално ниво кој е неопходен за да се валидираат резултатите од националните проценки на транспарентноста и на ранливоста кон корупција во фармацевтскиот сектор, како и да ја структурира и имплементира националната етичка рамка за „Добро управување со лековите".

Учеството на Република Македонија во оваа важна иницијатива на СЗО во сферата на унапредување на транспарентноста во фармацевтскиот сектор на Република Македонија обезбеди можности за размена на глобалните искуства и експертските мислења од целиот свет. Исто така, се обезбеди платформа за локална соработка меѓу една широка лепеза од заинтересирани страни во областа на здравството. Одржувањето на соработката од ваков вид е несомнено голем предизвик но, во интерес на обезбедување најдобри здравствени услуги и квалитет на здравствена заштита за граѓаните на Република Македонија преку зголемување на достапност на безбедни, ефективни лекови со висок квалитет и пристапна цена.

Во име на Министерството за здравство, ми претставува задоволство да го одобрам овој документ и да ги изразам заложбата и ентузијазмот за надминување на проблемите

# Содржина

Феномен на корупција и ранливост на фармацевтскиот сектор кон неетички и корутпивни практики ..... 7

Начела за „Добро управување во Јавниот фармацевтски сектор" ..... 9

Обликување на рамка за „Добро управување во фармацевтскиот сектор" ..... 10

Елементи на Националната рамка за „Добро управување во фармацевтскиот сектор" ..... 11

Кодекс на однесување ..... 13

Елементи за социјализација на Етичката рамка и Кодексот на однесување ..... 14

Активности за подигнување на свеста ..... 15

Трансформација на нефункционалните ментални модели ..... 15

Развој на внатрешна мотивираност за примена на Етичката рамка ..... 15

Тренинг за морално лидерство ..... 16

Препораки за системи за рано известување (алармирање) ..... 16

Препораки за меѓуинституционална соработка во антикорупциското движење ..... 17

Управување и евалуација на програма за Добро управување со лекови (ДУЛ) ..... 17

Препораки за фармацевтскиот сектор во Република Македонија што потекнуваат од програмата на Светска здравствена организација за „Добро управување со лекови" ..... 19

Дисциплински пристап во областите на надвор од фармацевтскиот сектор ..... 20

Пристап базиран на вредности којшто треба да се изгради во фармацевтскиот сектор во Република Македонија ..... 22

Модел на деловник за работа на комисија со точно дефинирана улога, поставени цели, задачи и обврски ..... 25

Препораки за шесте евалуирани функции на фармацевтскиот сектор во Република Македонија ..... 26

1. Дистрибутивна практика ..... 26

2. Препораки за добивање на одобрение за ставање на лек во промет ..... 28

3. Препораки за селекција на лекови ..... 29

5. Препораки за зајакнување на функцијата -ИНСПЕКЦИЈА 35

6. Препораки за огласување на лекови 34

Препораки за континуирана и успешна евалуација на програма за Добро управување со лекови (ДУЛ) 38

Користена литература: 39

АНЕКС 1. Управување и добро управување 40

АНЕКС 2. Комплет препораки-услови за функционирање за работното тело за „Добро управување со лекови“ 42

АНЕКС 3. Етички принципи за праведност 43

АНЕКС 4. Етички принципи на вистинитост 45

АНЕКС 5. Етички принципи на служење на заедничкото добро 46

АНЕКС 6. Етички принципи на доверливост 47